Бранко ПАНОВ

# ОХРИД И ОХРИДСКАТА ОБЛАСТ ВО ПРВИТЕ ВЕКОВИ ПО СЛОВЕНСКАТА КОЛОНИЗАЦИЈА (VI—VIII ВЕК)

Одделни периоди од историјата на градот Охрид и неговата област иако биле предмет на проучување кај голем број истражувачи[1] сѐ уште се недоволно осветелни. Пред сѐ тоа се однесува на периодот од VI до средината на IX век, кој, како резултат на словенската колонизација, останал обвиен со „длабок мрак"[2].

Потпирајќи се врз расположливите изворни податоци: пишани и материјални, во овој прилог правиме обид да ги разгледаме коренитите политички, општествено-економски и етнички промени кои настанале во Охридскиот крај по словенската колонизација.

## 1.

„Големата селидба на народите", која се засилила од втората половина на IV век, раздвижила голем број Словени од нивната стара татковина (територијата меѓу Балтичкото Море, Карпатите и реките Днестар и Днепар) кон реката Дунав. Како резултат на тоа густо се пословениле областите по левата страна на Дунав, поради што Византијците почнале да ги нарекуваат под општиот назив „Склавинии"[3]. Од крајот на V век реката Дунав постанала природна граница меѓу Визнтија и словенскиот свет.

---

[1] Види: В. Кѫнчовъ, Битолско, Преспа и Охридско. Сборникъ на МНП, IV. София, 1891; Г. Баласчевъ, Градъ Охридъ и котловината му въ думи и образи. София; А. Иширковъ, Охридско езеро и градъ Охридъ. София, 1915; Ив. Снѣгаровъ, Градъ Охридъ. Македонски прегледъ, г. IV, кн. 1—3. София, 1928; F. Mesesnel, Ohrid. Varoš, jezero — starina, okolina. Skoplje, 1934; А. Урошевиќ, Охрид. Географска монографија. Скопје, 1957; Т. Томоки, Охрид до крајот на XIV век. Зборник „Охрид". Охрид, 1961, стр. 7—14; Б. Панов, Охрид во крајот на XI и почетокот на XII век во светлината на писмата на Теофилакт Охридски. Зборник посветен на Димче Коцо. Изд. Археолошки музеј на Македонија. Скопје, 1975, стр. 181—195.

[2] Ив. Снѣгаровъ, Градъ Охридъ, кн. 1, стр. 99.

[3] Византиски изоври за историју народа Југославије, т. I. Београд, 1955, стр. 125, 177 и бел. 7.

Од почетокот на VI век Словените почнале сè почесто да ги напуштаат своите заддунавски населби и да ги пљачкосуваат богатите византиски градови, тврдини и селски населби дури во внатрешноста на Балканскиот Полуостров. Од современите извори се дознава дека еден таков напад бил извршен во 517 година, кога биле опустошени и опљачкани „двете Македонии и Тесалија од готските (словенските) коњаници, кои пљачкосувале дури до Термопилите и Стариот Епир“.[4]

Во овој период секако бил засегнат од словенските напади и Охридскиот крај, зашто „богатиот и раскошен град“ Лихнид уште од IV век административно бил приклучен кон провинцијата „Нови Епир“.[5] Инаку, Лихнид, според вестите од Малх, „се наоѓал на утврдено место, внатре полн со извори и од порано снабден со храна“.[6]

За време на владеењето на Јустинијан I (527—565) словенските напади уште повеќе зачестиле на Балканот. Тогаш, според вестите од Прокопие Кесариски, „Словените и Антите скоро секоја година“ ја поминувале реката Дунав и ги напаѓале „Илирик, цела Тракија, т.е. сите краишта од Јонскоит Залив (Јадранското Море) до предградието на Цариград“.[7]

Особено жестоки биле словенските напади во 548 година, кога огромната словенска војска што „ја поминала реката Дунав“ извршила „страшни злосторства“ над сите поданици што живееле сè до Драч.[8]

Градот Лихнид кој се наоѓал на патот за Драч[9] сигурно и овој пат многу настрадал, зашто на Словените им тргнало од рака да ги освојат „многу од тамошните тврдини, кои дотогаш се сметале за сигурни.“ По нападнатите балкански краишта Словените се движеле доста слободно, бидејќи попатните тврдини „никој не ги бранел“ поради зачестените земјортеси.[10] Меѓу разурнатите градови се наоѓал и „Лихнид во Епир“[11]. Тогаш, според Прокопие, Словените останале на Балканот цела година, при што голем број градови ги сринале до темели. По

---

[4] Латински извори за българската история, I. София, 1958, стр. 316.

[5] Во времето на Константин I Велики (306—337), според Зосим, Империјата била поделена на четири дела, на чело со наместници. Еден од таквите наместници стоел на чело на „Македонија, Тесалија, Крит, Елада, островите околу неа и двата Епира (καὶ ἀμφοτέρας Ἠπείρους), освен нив Илирик, Дакија, Трибалија и Пеонија дури до Валерија и најодзади Горна Мизија» (Гръцки извори за българската история, т. I. София, 1954, стр. 162—163). Според вестите од Јоан Малала, императорот Теодосиј I (378—395) „го одделил Нови Епир од Стариот (Епир) и го направил провинција, кога му дал на градот Дирахиум права на град и управител» (Гръцки извори за българската история, т. II. София, 1959, стр. 207). Од „Патеводителот» на Хиерокол, напишан во почетокот на владеењето на Јустинијан I (527—565), се дознава дека во „провинцијата Нови Епир» Лихнид бил главен град (Αὐλίνιδος μητρόπολις) (Гръцки извори, II, стр. 93); сп. и Вера Битракова-Грозданова, Старохристијански споменици во Охридско. Охрид, 1975, стр. 10 и сл.

[6] Гръцки извори, I, стр. 144—145: καὶ πρὸς μὲν Λυχνιδον ἐπελθὼν ἀπεκρόσθη ἐπὶ ὀχυροῦ κειμένην καὶ πηγῶν ἔνδον πλήρη, καὶ σίτου προενοντος.

[7] Византиски извори, I, стр. 51—52.

[8] Ibid., 38.

[9] Г. Шкриванић, Путеви у средњевековној Србији. Београд, 1974, стр. 76 и сл

[10] Византиски извори, I, стр. 38.

[11] Гръцки извори, II, стр. 151: Λύχνιδόν τε τὴν ἐν Ἠπειρώταις.

нивното повлекување нападнатите краишта заличиле на „скитска пустиња“.[12]

Од средината на VI век Словените почнале да ја преминуваат реката Дунав заедно со своите семејства. Во овој период голем број Словени успеале да продрат дури до Солун и да заседнат во неговата околина[13]. Јустинијан I иако обновил и изградил голем број тврдини[14] не бил во состојба да ги спречи натамошните словенски пустошења на Балканот.

Кон крајот на 60-те години на VI век во Панонската Низина продреле и Аварите. Оваа турка орда ги потчинила Словените кои живееле таму и ги натерала да ја признаат врховната власт на аварскиот каган. Од 70-те години на VI век здружената аварско-словенска војска, командувана од каганот, почнала нашироко да ги пустоши и плачкосува балканските владенија на Византија. Голем број од обновенит- или новоизградени македонски градови сега станале цел на аварско-словенските напади. Во прилог на тоа говорат и податоците од Житиете за Тивериполските маченици, што врз база на постари извори го напишал охридскиот архиепископ Теофилакт Ифест[15]. Во Житието Теофилакт гишува, дека „еден варварски народ, наречен Обри (Авари), откако навлегол од југ во областите на Тиверипол (Струмица), опустошил многу градови, па и него. Дел од жителите со меч ги сотреле, дел ги заробиле, а како сите други убави згради и божјите храмови ги разурнале и до темел уништиле“.[16] Во овие аварски напади секако учествувале и Словените.[17]

Од 80-те години на VI век Словените почнале во сè поголем број да заседнуваат во напаѓаните балкански облсти. Оттогаш, всушност, започнал процесот на словенската колонизација на Балканот. Реката Дунав отсега престанала да служи и како номинална граница меѓу Византија и заддунавските Словени.[18]

---

[12] Виантиски извори, I, стр. 52—53.

[13] В. Тъпкова-Заимова, Нападения „варваров» на окрестности Солуни в первой половине VI в. Византийский временик, XVI. Москва, 1961, стр. 6—7; од истата, Солунските Славяни и призходът на Кирил и Методий. Сборник „Константин-Кирил Философ». София, 1969, стр. 64.

[14] Византиски извори, I, стр. 54—72; сп. История Византии, т. 1. Москва, 1967, стр. 342.

[15] Сп. В. Н. Златарски, Легенда за откриване мощите на Тивериполските мъченици. Избрани произведения, т. I. София, 1972, стр. 196, 202—203. За тоа, пак, дека Теофилакт Охридски бил познат и со презимето Ифест, види: P. Gautier, Lèpiskopat de Théophylacte Héphaistos Archeveque de Bulgarie, REB, t. XXI. Paris, 1963, p. 165—168; Б. Панов, Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ. Скопје, 1971, стр. 12; Г. Г. Литаврин, Византийское общество и государство в X—XI вв. Москва, 1977, стр. 37—38 сл.

[16] Theophylacti Bulgariae Archiepiscopi, Martyrium ss. quindecim illustrium martyrum qui imparante impio Juliano Apostata Tiberiopoli, quae Strumitza bulgarice dicitur passi sunt. Ed. J. P. Migne, Patrlagiae cursus completus. Series Graeca, t. 126. Paris, 1864, col. 189, B—C.

[17] Сп. Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област од крајот на VI до почетокот на X век. Гласник на Институтот за национална историја, г. V, бр. 2. Скопје, 1961, стр. 203—206.

[18] Н. В. Пигулевская, Византия и Иран на рубаже VI и VII в. Москва—Ленинград, 1946, стр. 60.

Во крајот на VI век и одделните македонски области биле изложени на засилена словенска колонизација. Тоа се дознава и од хрониката на Јован Ефески, во која меѓу другото тој пишува: „Три години по смртта на Јустин, за време царувањето на победоносниот Тиберij (т.е. во 581 г. б. м.) проклетиот словенски народ ја прекоси цела Елада, провинциите на Солун и Тракија, опустоши голем број градови и укрепени места. Тоа продолжи во текот на четири години, за кое време императорот беше зафатен во војната со Персија и сите војски му се наоѓаа на Исток. Тоа им овозможи на Словените да се распоредуваат слободно, да се населуваат во заземените територии и да се расположат таму по божја волја“. Понатаму Јован Ефески соопштува, дека „и сега уште (т. е. во 584 г. б. м.) тие се расположени и останати во ромејските провинции . . .“[19]

И податоците од „Чудата на Св. Димитрија Солунски“ исто така говорат, дека во 584 година една петиљадна словенска војска, „составена од избрани и искусни борци“, кои го преставувале „цветот на целото словенско племе“, извршила напади на градот Солун, но не го освоила[20]. Две години подоцна овој втор по големина византиски град бил пак изложен на словенски напади, во кои сега учествувале и Аварите. Иако „варварската како песок многубројна маса“ ја опустошила целата околина на Солун, градот и сега не паднал под словенска власт[21].

Со сигурност може да се каже дека, како резултат на словенско-аварските напади, и Охридскиот крај бил изложен од крајот на VI век на засилена словенска колонизација. Од „Чудата на св. Димитрија Солунски“ се дознава дека во 618 година само уште Солун останал „опкружен од нивните (т.е. словенските) населби“, давајќи им засолниште на сите оние кои бегале пред налетот на Словените[22]. Исто така и вестите од „Чудата“, кои говорат за настаните од 630 година, овозможуваат да се утврди дека словенскиот народ бил тој што тогаш „живеел во близината“ на утврденоит Солун.[23]

Од 626 година, по катастрофалниот пораз на аварско-словенската војска кај Цариград, Аварите се изгубиле како сил. Тоа пак им овозможило на голем број Словени да се ослободат од нивното туторство и помасовно да ги запоседнат и оние области кои сè уште не биле колонизирани[24].

До 30-те години на VII век Охридскиот крај бил целосно колонизиран од словенското племе Берзити (βερζῆται)[25]. Ова словенско племе,

[19] Сборник документов по социально-экономической истории Византии. Москва, 1951, стр. 82.

[20] Византиски извори, I, стр. 175—176.

[21] Ibid., 177—184.

[22] Ibid., 195.

[23] Ibid. ,197.

[24] Д. Ангелов, История на Византия, I. София, 1965, стр. 156, 162—163; Г. Острогорски, Византија и Словени. Београд, 1970, стр. 23—24, 48.

[25] Види: Ив. Снѣгаровъ, Градъ Охридъ, стр. 99; История Византии, I, стр. 350—351.

заедно со „останатите племиња", меѓу кои биле и Драгувитите, Сагудатите и Велегизитите, во втората деценија на VII век влегло во големиот словенски племенски сојуз, на чие чело стоел водачот на овие Словени, по име Хацон (ὅτι ὁ τῶν αὐτῶν Σκλαβίνων ἔξαρχος, τοὔνομα Χάτζων)[26]. Здружените словенски племиња, се вели во „Чудата на св. Димитрија Солунски", во периодот од 614—616 година ги „оплачкале цела Тесалија, Кикладските Острови и цела Ахаја, Епир и поголемиот дел од Азија, опустошиле . . . многу градови и покраини, и потоа еднодушно одлучиле да кренат и на христољубивиот град (Солун)".[27]

Градот Лихнид и неговата област, кои административно припаѓале кон Епир, како што гледаме, од овие напади страшно биле погодени. Инаку, племето Берзити во овој период освен Охридскиот крај ја колонизирало целата територија која се наоѓа меѓу денешните градови Кавадарци—Титов Велес—Прилеп—Битола—Кичево и Дебар.[28] Целата оваа територија Византијците отсега почнале да ја означуваат како „Склавинија" (Σκλαβηνία), а по називот на племето и „Берзитија" (Βερζητίαν).[29] Почнувајќи од крајот на VI век, на територијата на Македонија биле создадени повеќе такви склавинии (τὰς κατὰ τὴν Μακεδονίαν Σκλαυνίας).[30] Тие, всушност, преставувале одделни словенизири области, т.е. средишта на македонските словенски племиња, на чие чело стоеле племенските кнезови (ἄρχοντες)[31]. Поголемиот дел од овие словенски племиња кон крајот на VII век повторно се обединиле во голем племенски сојуз, на чие чело сега стоел ринхинскиот „крал" Пребонд (ὁ ῥὴξ Περβοῦνδος).[32]

## 2.

Процесот на словенската колонизација во Охридскиот крај, кој, како што видовме, се одвивал од крајот на VI до 30-те години на VII век, бил проследен не само со пустошење и пљачкосување на големиот и богат град Лихнид и неговите околни места, туку и со разретчување

[26] Гръцки извори за българската история, III. София, 1960, стр. 133.

[27] Византиски извори, I, стр. 188—190.

[28] Сп.: А. Иширковъ, Охридско езеро и гр. Охридъ, стр. 15; Ив. Снѣгаровъ, Градъ Охридъ, стр. 99; История Византии, I, стр. 350—351.

[29] Гръцки извори, III, стр. 274; Латински извори за българската история, II. София, 1960, стр. 261.

[30] Византиски извори, I, стр. 230 и бел. 41; Гръцки извори, III, стр. 270; Латински извори, II, стр. 257.

[31] С. Антољак, „Македонија» и „Македонците» во средниот век (Прилог кон етногенезата на македонскиот народ). Гласник на Институтот за национална историја, г. XVI, бр. 1. Скопје, 1972, стр. 112; Б. Панов, За етногенезата на македонскиот народ. Гласник на Институтот за национална историја, г. XVI, бр. 3. Скопје, 1972, стр. 81.

[32] Византиски извори, I, стр. 199 и сл.; Гръцки извори, III, стр. 143 и сл.; сп.: Б. Панов, За етногенезата на македонскиот народ, стр. 81—82; О. Иваноски, Македонските Словени од VI до IX век. Скопје, 1962, стр. 57—56; Iv. Beuc, Još o problemu formiranja feudalnih država u Južnih Slavena. Radovi, izd. Sveučilište u Zagrebu — Institut za hrvatsku povijest, 8. Zagreb, 1976, srt. 68 i sl., каде е дадено и поопстојно толкување на изразот „rex».

на староседелското население. Голем дел од населението во овој крај или било изубиено во крвавите и продолжителни брби, или пак пред налетот на Словените и Аварите се повлекло и нашло засолниште во утврдените крајбрежни градови, каков што бил Солун, а и по островите.[33] Заточените пак староседелци, кои во етнички поглед биле нехомогени[34], постепено биле асимилирани од Берзитите. Само еден мал дел од ова романизирано и елинизирано староседелско население, кое не го напуштило Охридскиот крај, ги зачувало своите етнички белези, благодарејќи на тоа што се засолнило по високите планини, со кои овој крај на Македонија изобилува. Остатоци од овие староседелци се Власите[35].

Во словенизираната Охридска област уште кон крајот на VI и почетокот на VII век биле извршени коренити етнички измени. И во овој крај, каков што бил случајот и со другите краишта на Македонија, словенскиот етнос станал доминантен[36]. Како резултат на тоа биле извршени и коренити измени во именувањето на одделните населби, планините, реките, одделните месности итн.[37]

Во науката сѐ уште постојат различни мислења по прашањето: Како и кога градот Лихнид го добил своето словенско име Охрид? Уште во 80-те години на XIX век познатиот иследувач на топонимијата на Балканот, Томашек, се обидел да даде одговор на прашањето: Како го добил Охрид своето словенско име? Тргнувајќи од вестите на арапскиот географ Идризи (XII век), кој го означил Охрид како 'Axrîda[38], Томашек се искажал: „Obwohl die slavische Form Oxridŭ sich an das Wort xridŭ, 'Felsen' anlehnt, so kann doch vielleicht ein Zusammenhand mit dem antiken Namen bestehen, der im illyrishen Munde Lyxrida lauten mochte, wie ja der toskische Dialekt r für n einsetzt. Die Tosken nennen jetzt diese Stadt Ohòre, aber auch eine Form Alxeri(a) ist bezèugt".[39]

По Томашек потеклото на името Охрид станало предмет на поширока научна дискусија. Во 1905 година Спространов се изјаснил дека брдото, на коешто се наоѓа Охрид, во илирско време се викало Лукрида и дека од тоа име настанале „Лихнида" и „Охрид".[40] Ив. Снегаров пак, иако се изјаснил дека „трудно е да се отгатне" како се образувало името „Охрид", сепак сметал, дека „по-вѣроятно е, че това име е произлѣзло отъ сливането на думитѣ „Онъ Хрыдь! (оня ридъ), както

[33] Византиски извори, I, стр. 195—196.

[34] Б. Панов, За етногенезата на македонскиот народ, стр. 77 и сл.

[35] Ibid., 82. Поопстоен суд на југословенската литератуа по прашањето на Власите, види: Е. П. Наумов, Волошская проблема в современой югославской историографии (Проблеми зтнической и социальной истории средновековых Влахов). Сборник „Славяно-волошксие связи». Изд. Академия наук Молдавской ССР. Кишинев, 1978, стр. 199—217.

[36] Б. Панов, За етногенезата на македонскиот народ, стр. 82 и сл.

[37] Ibid., 82—83.

[38] Б. Недков, България и съседните й земи през XII век според Идриси, София, 1960, стр. 37, 112, бел. 41.

[39] W. Tomaschek, Zur Kunde der Hämus-Halbinsel II. Die Handelswege im 12-Iahrhundert nach den Erkundigungen des Arabers Idrisi. Wien, 1887, S. 353.

[40] Славянски гласъ, кн. 4, 1905, стр. 115, 150—153.

Истанболъ отъ εἰς τὴν πόλιν[41]. Подруго мислење имал Ј. Иванов. Како пред него Томашек, така и тој сметал, дека „имената Lychnis, Lychnidus, Λυχνίς, Λυχνιδός, Λυχνίδιον, Ἀχρίς, Ἀχρίδα, Охрида, Охридъ идатъ едно отъ друго. Срѣдновековната форма Ἀχρίς, Ἀχρίδα (вин. пад., употрѣбяванъ и като имениteленъ), която ни е позната отъ XI в., се е явила подъ влиянието на албанския езикъ, на диалекта на тоскитѣ".[42] За разлика од Иванов, Љ. Милетич се изјаснил, дека „името Охридъ няма нищо общо съ името Лихнидосъ". Притоа тој нагласил: „Името на града Охридъ, съгласно и съ значението на думата хridъ, както се каза, се отнася до първоначалния укрепенъ градъ (замъкъ) горе на височината, „на рида". Именно тоя градъ, издигнатъ на височната до самото езеро, сж разбирали и чузденцитѣ, когато е ставало дума за Охридъ. Като се споменува за Охридъ въ свръзка съ завладяването му отъ императора Василий II (нач. на XI. в.) у Кедрена (Ed. Bonn. cod. C, II, 458), тъкмо така се опредѣля пложението на Охридъ: „градътъ Ахрисъ, който се намира на високъ ридъ до самото голѣмо езеро" (πόλις δέ ἡ Ἀχρίς ἐπὶ λόφου κειμένη ὑφηλοῦ ἔγγιστα λίμνης μεγίστης)[43]. Против таквото мислење на Милетич се изјаснил Ст. Младенов. Како пред него Томашек и Иванов, така и тој сметал дека името на Охрид потекнувало од старото име Λυχνίδα.[44]

Различните гледишта во науката по прашањето за потеклото на името „Охрид", го принудиле Ст. Романски специјално да се позанимава со расвтелувањето на проблематиката околу името на градот Охрид. Притоа врз база на новособрани аргументи тој се изјаснил, дека најисправно „е да се приеме, че до дохаждането на славянитѣ езерото и градътъ на него сж носили име Λυχνίς, Λυχνδός и то известно време още е останало като име на езерото, докато градътъ е билъ нареченъ, съ огледъ къмъ своето положание на рида надъ езрото, съ ново, славянско име Охридъ, което се и одбелязва по време на заеманетo му отъ българитѣ и основането на Самуиловата държава". Инаку, Романски за нови, словенски називи ги сметал и имињата на градовите: Прилеп, Ресен, Преспа, Тетово, Битола, Дебар и др.[45]

Во поново време нешто слично, како Романски, се изјаснил и полскиот научник Б. Пјанка, кој, инаку, специјално се бавел со топономастиката на Охридско-преспанскиот базен. Притоа, во врска со името „Охрид" заклучил, дека „името Охрид е чисто словенско и се изведува од именката хридъ, 'рид'; формата Ахрида (и Ахрис) настанала најверојатно од словенското име Охрид со правилната замена о > а и, можеби, се јавило по асоцијација со грчкиот збор ἄχρις

[41] Ив. Снѣгаровъ, История на Охридската архиепископия, I. София, 1924, стр. 164, бел., 165.

[42] Й .Ивановъ, Произходътъ на царъ Самоиловия родъ. Сборникъ въ честь на проф. В. Н. Златарски. София, 1925, стр. 56—57 и бел. 2·

[43] Л. Милетичъ, По въпроса за произхода на името „Охридъ», Македонски прегледъ, г. II, кн. 2, София, 1926, стр. 144—145 и сл.

[44] Види кај Ст. Романски, Имената на нѣкои македонски градове. Македонски прегледъ, г. V, кн. 3. София, 1929, стр. 73.

[45] Ibid., 71—76.

врв, рид, височина, на што обрнува внимание и Ст. Романски, кој го дава примерот: Ахридос < 'Αριδος, во Родопите). Ахрида можело да се разбере и како акузатив од ἄχρις.[46]

Дека разорениот и опљачкан град Лихнид од страна на Словените добил по словенската колонизација чисто словенско име Охрид (Ѡхридъ, 'Αχρίδα), говорот и имињата „Охрид" на селото во Култовишката околија[47] и на скалестата област во Родопите.[48]

Сè до денес во науката не е даден дефинитевен одговор и на прашањето: Кога градот Лихнид го добил своето словенско име?. Од зачуваните извори се дознава, дека во крајот на IX век веќе името „Охрид" било во употреба во официјалната документација на Византија. Така, од актите на т.н. „лажлив собор" на патријархот Фотија, одржан во 879 година во Цариград, се дознава дека на него учествувал и епископот Гаврил Охридски (Γαβριὴλ 'Αχρίδης).[49] Словенското име на градот Охрид, кој, инаку, постепено бил изграден врз урнатините на античкиот град Лихнид,[50] секако го водело своето потекло од пред 879 година. Ив. Снегаров иако отпрвин се изјаснил, дека „названието Охридъ ще да се явило още въ IX в." и дека се утврдило „едвамъ когато Самуилъ е прѣнесълъ столицата си въ Охридъ"[51], подоцна го корегирал таквото свое гледиште, изјаснувајќи се: „Обаче не можемъ да се съмняваме, че то било употрѣбявано поне отъ славянското население дълго време преди това, по всѣка вероятность, още въ половината на VII в., когато областитѣ на западъ отъ Струма и около р. Вардар се наричали и отъ византийцитѣ не първа и втора Македония, а Славиния".[52]

К. Реглинг, пак, изјаснувајќи се дека словенскиот назив Охрид на грчки ја примило формата 'Αχρίς, навел дека словенското име на овој град го водело своето потекло од IX век, кога Охридската област паднала под бугарска власт.[53]

---

[46] Б. Пјанка, Топономастиката на Охридско-преспанскиот базен. Изд. на Институтот за македонски јазик. Скопје, 1970, стр. 102—103.

[47] Сп. Ив. Снѣгаровъ, История на Охридската архиепископия, I, стр. 164—165.

[48] Источно од Мелник во родопската планинска област Ахридос била уреден како посебна проинциска управа (παρὰ, τὴν δημοσίου τῆς 'Αχριδῶς κρατοῦντος) (Љ. Максимовић, Византијска провинцијска управа у доба Палеолога. Београд, 1972, стр. 27—28 и бел. 40); сп. и: Л. Милетичъ, По въпроса за произхода на името „Охридъ», стр. 145 сл.; Ст. Романски, Имената на нѣкои македонски градове, стр. 75 и сл.

[49] Гръцки извори за българската история, IV. София, 1961, стр. 117.

[50] Не е во право Снегаров (Ив. Снѣгаровъ, Градъ Охридъ, стр. 97—98) кога вели, дека „варварскитѣ нашествия следъ готите не съ го засегнали чуствително (Охрид), както това е станало съ други голѣми балакнски градове. Славянитѣ, които масовно се заселили въ тоя градъ и околността му, сѫ го запазили, но измѣнили само неговия етнически обликъ . . . ». Против таквото гледиште говорат и новите археолошки ископувања во самиот Охрид. Види за тоа: В. Битракова-Грозданова, Старохристијански споменици во Охридско, стр. 22 и сл.: од истата, Еден наод од античкиот театар во Охрид. Зборник во чест на проф. Димче Коцо. Изд. Археолошки музеј на Македонија. Скопје, 1975, стр. 63 и сл.

[51] Ив. Снѣгаровъ, История на Охридската архиепископия, I, стр. 164, бел.

[52] Ив. Снѣгаровъ, Градъ Охридъ, стр. 98, бел. 1.

[53] Види ја рец. на Н. Мушмов во Македонски прегледъ, г. II, кн. 2. София, 1926, стр. 41.

Љубомир Милетич имал поинкво мислење. Според него, „тепърва отъ VIII. в. насемъ се вестява по-новото му име Охридъ, гръцки Ἀχρίς, което постепенно се налага, а къмъ XI. в. вече и у чужденцитѣ съ нѣкои рѣдки изключения напълно измѣстя старото“.[54]

Ст. Романски по прашањето за времето на настанувањето на името Охрид се изјаснил нешто слично како и К. Реглинг. Според него, името Охрид се појавило „на свѣта тепърва въ IX в., по времето на завземането на тая областъ отъ българитѣ, въ гръцкитѣ извори: Ἀχρίδ (имен. падежъ сѫщо Ἀχρίς).[55]

Досегашните научни резултати, како што гледаме, главно се сведуваат на тоа, дека словенското име Охрид го добил во IX век и дека дури во наредните векови тоа се популаризирало и кај Византијците. Таквото гледиште главно е изградено врз следниве податоци од „Алексидата“ на Ана Комнина: ὁ δὲ Δρυμὼν οὗτος ὁ ποταμός, ἵνα τι καὶ περὶ τοῦ ῥεύματος τούτου προσιστορήσαιμι, ῥεῖ μὲν ἄνωθεν ἀπὸ τῆς Λυχνίτιδος λίμνης, ἣν ἡ, νῦν γλῶττα ἐκβαρβαρώσασα Ἀχρίδα προσηγόρευσεν ἀπὸ Μόκρου τοῦ Βουλγάρων βασιλέως τὰ πρῶτα καὶ τὰ ἔσχατα Σαμουήλ, τοῦ ἐπὶ τοῖν βασιλέοιν Κωνσταντίνου καὶ Βασιλείου τῶν πορφυρογεννήτων γεγονότος.[56]

Почнувајќи уште од XVII век во науката се дадени најразлични толкувања на ова Анино соопштение.[57] Во најново време Ј. Н. Љубарски, држејќи се до искажувањата на Ив. Дујчев[57a], едноставно го отстранил спорниот дел од текстот: τοῦ Βουλγάρων βασιλέως τὰ πρῶτα καί τὰ ἔσχατα Σαμουήλ, τοῦ ἐπὶ τοῖν βασιλέοιν Κωνσταντίνου καὶ Βασιλείου τῶν πορφυρογεννήτων γεγονότος, кој го сметал „как интерполяцию“, при што дал ваков превод: „Нужно рассказать и о Дримоне. Эта река берет начало в Лихнитском озере, которое на современном испорченном языке называется Охридским и, спускаясь с Мокра, течет через сто каналов, называемых „стругами“[58].

Иако по Љубарски и Б. Крекиќ извршил слична корекција на Аниниот тескт[59], М. Војнов во своето најново издание на скратениот текст од „Алексиадата“ 1971 година во „Гръцки извори за българската история“, VIII, го задржал во целина спорниот текст, нудејќи, притоа ваков превод: „А река Дрим, за да прибавя нещо и за нея, тече отгоре, от езерото Лихнида, по сто корита, които ние наричаме гефири. Сегашният оварварен език е нарекъл това (езеро) Ахрида најнапред от

[54] Л. Милетичъ, По въпроса за произхода на името „Охридъ», стр. 142.

[55] Ст. Романски, Имената на нѣкои македонски градове, стр. 71.

[56] Гръцки извори за българската история, VIII. София, 1971, стр. 121.

[57] Види за тоа: Ив. Дуйчевъ, Сѫщинското значение на името Μόκρος у Анна Комнина. Македонски прегледъ, г. VIII, кн. 3. София, 1933, стр. 14—36; г. VIII, кн.4, стр. 1—20.

[57a] Iv. Dujcev, Une interpolation chez Anne Comnène. Byzantion, 10, 1935,p., 107—115.

[58] Анна Комнина, Алексиада. Вступительная статья, перевод, коментарий А. Н. Любарского. Москва, 1965, стр. 339, 597.

[59] Види: Византиски извори, I, стр. 393—394, бел. 55.

(времето на) Мокър, първи български цар, и на края — Самуил, който живял по времето на багренородните царе Константин и Василий".[60]

Без да се впуштаме овде во полемичка дискусија околу исправноста или неисправноста на Аниното соопштение, би навеле засега само тоа, дека и современикот на Ана Комнина, Теофилакт Охридски, соопштува во своите писма дека имал мака од „простаците Мокренци" (ἀγροίκους Μοκρηνούς),[61] кои освен што располагале со раскошни куќи во Охрид, имале и богати имоти и замоци (κάστρα) и во Мокра, која била дел од Охридско (ὁ δὲ Μόκρος τῆς 'Αχρίδος τμῆμα)[62] Тоа пак ни дава за право да се сложиме со оние научници, кои се изјасниле во прилог на веродостојноста на податоците од Ана Комнина. Значи, со сигурност може да се смета дека словенскиот назив на Охрид се афирмирал во времето на Самуил, а и дека уште пред 969 година тоа име веќе било во употреба, зашто говорат и актите од т.н. лажлив собор" на Фотија, одржан 879 година. Во таа смисла исправно е гледиштето на Снегаров, дека словенското име на Охрид почнало да се наложува уште од VII век, кога и Охридскиот крај дефинитивно бил населен од Словените.

Инаку, не ни изгледа убедливо гледиштето на оние научнци, кои се изјасниле дека словенското име на Охридското Езеро било подоцна наложено од името на градот Охрид.[63] На мислење сме дека едновремено со промената на името на градот Лихнид се извршило словенското именување и на езерото на кое лежел градот. Во словенското житие на св. Наум езерото е наречено како „Бело Езеро" (Бѣлаго Ѥзе́ра),[64] кој назив е соодветен на грчкиот Λυχνιδία λίμνη, што во превод значи светло езеро, од зборот λύχνος — светилник, светол.[65] Инаку, во време на византиското владеење на Македонија, Византијците секогаш настојување да ги употребуваат предсловенските називи. Така, на пример, Теофилакт Охридски не само што го употребувал називот Лихнидско Езеро (Λύχνιδον), туку и Ахерусија ('Αχερουσίαν)[66].

Освен градот Охрид и езерото по словеската колонизација чисто словенски или словенизирани називи добиле и другите соседни гратчиња, селските населби, разните месности, реките, планините итн.[67] На

---

[60] Гръцки извори, VIII, стр. 121 и бел. 1—4; сп. и M. Vojnov, Μόκρος et γέφυρα chez Anne Comnène et Κοτόκιος dans la Vie Detaillée de st Clément d'Ochrida. Studia Balcania, I, 95 и сл.

[61] Theophylacti archiepiscopi Bulgariae Epistolae, edd. J. P. Migne, PG, t. 126. Paris, 1864, col. 337, C; сп. Б. Панов, Охрид во крајот на XI и почетокот на XII в. во светлината на писмата на Теофилакт Охридски, стр. 184 и сл.

[62] Theophyl., col. 484, C; сп. Г. Г. Литаврин, Болгария и Византия в XI—XII вв. Москва, 1960, стр. 268; Б. Панов, Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ. Скопје, 1971, стр. 238 и сл.

[63] Такво гледиште, на пример, застапува Ст. Романски, Имената на нѣкои македонски градове, стр. 76.

[64] Й. Иванов, Български старини из Македония. Фототипно издание. София, 1970, стр. 306.

[65] Ив. Снѣгарвоъ, История на Охридската архиепископия, I, стр. 164, бел.

[66] Theophy., col. 497, A; сп. Б. Панов, Охрид во крајот на XI и почетокот на XII век, стр. 188.

[67] Опстојно за тоа види: Б. Пјанка, Топономастиката на Охридско-преспанскиот базен, стр. 9—316.

пример, чисто словенско име добило гратчето Кичево. За охридскиот архиепископ Теофилакт називот на овој град Κίτταβα бил „варварски" поради што тој со срам го употребувал.[68] И името на соседната област Дебарца било образувано од прасловенскиот апелатив дъбръ, дъвръ, котлина, долина, со суфиксот ъ — са.[69] Исто така и името на реката Сатеска, што поминува низ областа Дебарца, го има своето потекло од прасловенскиот апелатив, sotěsъka, теснина, тесен проод.[70]

По дефинитивното населенување на Словените во Македонија, Византијците престанале да го употребуваат и називот на провинцијата „Нови Епир".[71] Оттогаш Охридскиот крај целосно влегол во „Склавинијата—Берзитија", над која Византија немала веќе никаква власт[72]. Како и над другите изгубени области и над Охридската таа само задржала фиктивна власт.

Досегашните резултати од археолошките истражувања во Охрид и Охридско говорат, дека тука населените Берзити почнале постепено да го возобновуваат градот Охрид врз урнатините на античкиот град Лихнид.[73] Резултатите од археолошките ископувања исто така говорат, дека Берзитите постепено почнале да присвојуваат доста од затекнатата култура на староседелците.[74] Инаку, од некои археолошки наоди се дознава и тоа дека Словените донеле на овој терен и доста свои предмети и накити, што ги употребувале уште додека живееле во своите заддунавски населби.[75] Едновремено со постепениот растеж на Охрид почнала да се изградува во овој крај и новата словенска култура, која добила поголема афирмација во IX и X век.[76]

Силно влијание врз изгадувањето на словенската култура во Охридкиот крај имала и христијанската религија, која како официјална вера тука била наложена уште во IV век. Сè до крајот на VI век Лихнид-

---

[68] Theophyl., col. 416, D; сп. Б. Панов, Теофилакт Охридски, стр. 294 и сл.

[69] Б. Пјанка, Топономастиката на Охридско-преспанскиот базен, стр. 85—86.

[70] Ibid., 307. Инаку, дека името на р. Сатеска е прасловенско, гоорат и податоците од грамотите на Василиј II. Од нив се дознава дека „епископот на Велбужд (да има) во самиот Влебужд и во Сатеска (καὶ τὸν Σουντιάσκον )... и во Долна Сатеска (καὶ τὸν κατω Σουνδέασκον)... 15 парици и 15 клирици (Гръцки извори за българската история, VI, София, 1965, стр. 42). Горна Сатеска по се изгледа се наоѓала околу с.Раждавица или кај с. Стенско, а Долна Сатеска по клисурата на р. Струма меѓу Кадин мост и Бобошево (Ibid., 42, бел. 12).

[71] Ив. Снѣгаровъ, Градъ Охрид, стр. 98, бел. 1.

[72] Г. Острогорски, Византија и Словени. Сабрана дела, кн. IV. Београд, 1970 стр. 10.

[73] За поновите археолошки проучувања во Охрид, види: Д. Коцо, Археолошки проучувања во Охрид од 1959 до 1965 год. Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот — Скопје, кн. 19. Скопје, 1967, стр. 257—266; В. Битракова-Грозданова, Старохристијански споменици во Охридско, стр. 22 и сл.; од истата, Еден наод од античкиот театар во Охрид. Зб. на Димче Коцо, Изд. на Археолошкиот музеј во Скопје, Скопје, 1975, стр. 63 и сл.

[74] V. Lahtov, Накитот на раносредновековните наоѓалишта во Охридско. Зборник на Народноит музеј во Охрид. Охрид, 1961, стр. 54,

[75] Ibid., 55.

[76] Ibid., 56.

ската епархија играла значајна улога во овој дел на византијската држава.[77]

Кон крајот на VI и почетокот на VII век од постојаните словенско-аварски напади до темел биле разурнати и црквите,[78] а за што говорат и резултатите од археолошките ископувања во Охрид и Охридско.[79] Голем број од разурнатите цркви останале необновени дури до средината на IX век, кога и склавинијата „Берзитија" не била завладеана од Бугарите.[80] Тоа пак говори дека и меѓу Берзитите — пагани христијанството продирало бавно и постепено. Тоа е и разбирливо, зашто Византија на овој терен по словенската колонизација била лишена и од црковна власт. Сепак Византија и натаму задржала своја фиктивна црковна власт и над бившата Лихнидска епархија. Тоа се потврдува и од податоците на т.н. Епархиски списоци од VII и VIII век, кои говорат дека епископот на Лихнид (Λυχνίδου) се наоѓал на трето место меѓу осумте епископи кои биле подвластени на митрополитот од Дирахиум (Драч), чија митрополија влегувала во првоницијата „Нови Епир".[81]

Дека Словените — пагани и на овој терен долго време се спротивставувале на влијанието на хистијанската религија, говорат и податоците од „Чудата на св. Димитрија Солунски".[82] Но независно од тоа староседелците — христијани „во разните разговори со нив го вовлекувале Христовото учење — соопштува Теофилакт Охридски во Житието на Тивериополските маченици — и им ја откривале, доколку им било возможно, евангелиската светлина".[83]

Со словенизирањето на Охридскиот крај биле извршени и коренити општествено-економски измени. По рушењето и заземањето на „богатиот и раскошен град" Лихнид, Словените секако ги опустошиле и ликвидирале околните робовладетелски стопанства, каков што бил случајот и со оние што се наоѓале околу Солун.[84] Тоа секако Словените го сториле и со помошта на робовите и колоните, кои благодарејќи на дојдените Словени можеле да се здобијат „со слобода".[85] Изворните податоци од „Чудата на св. Димитрија Солунски" говорат во прилог на тоа, што уште додека траел процесот на словенската колонизација на Балканот голем број од богатите староседелци (меѓу нив секако имало и робовладетели) наоѓале засолниште во доброутврде-

---

[77] Опстојно за тоа види: В. Битракова-Грозданова, Старохристијански споменици во Охридско, стр. 16—20.

[78] Theophylacti Bulgariae Archiepiscopi, Martyrium . . . , col. 189, B-C.

[79] Д. Коцо, Археолошки проучувања во Охрид, стр. 260—261.

[80] Сп. Д. Коцо, Нови податоци за историјата на Климентовиот манастир Св. Пантелејмон во Охрид. Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот — Скопје, кн. 19. Скопје, 1967, стр. 246 сл.; Б. Панов, Климент Охридски. Историја г. III. бр. 1. Скопје, 1967, стр. 49 сл.; В. Гюзелев, Княз Борис Първи. София, 1969, стр. 430 и сл.

[81] Гръцки извори, III, стр. 192.

[82] Византиски извори, I, стр. 193; сп. B. Grafenauer, Nekaj vprašanj iz dobe naselejevanja Južnih Slovanov. Zgodovinski časopis, IV. Ljubljana, 1950, str. 103.

[83] Theophylacti Bulgariae Archeipiscopi, Martyrium . . . , col. 189, C—D—192, A.

[84] М. Я. Сюзюмов, Экономика пригородов византийских крупных городов. Византийский временик, XI. Москва, 1956, стр. 60.

[85] Византиски извори, I, стр. 212.

ниот град Солун.[86] Бидејќи тие со себе однеле и голем дел од своето богатство, градот Солун долго време бил цел на словенско-аварски напади.[86a] Такви крупни земјосопственици сигурно побегнале и од Лихнид. Сето тоа, пак, значи, дека словенската колонизација и во овој македонски крај содејствувала да се нанесе уништувачки удар на робовладетелскиот поредок, кој бил во фаза на распаѓање.[87]

По словенската колонизација и во Охридскиот крај врз урнатините на робовладетелските стопанства изникнале слободни селски општини[87a] во чии рамки во почетокот дошле до полн израз донесените бескласни родовско-општински односи. Формираните селски слободни општини, во чии рамки секако живееле и неизбеганите староседелци (бивши робови, колони и сл.), всушност, преставувале т.н. „земјоделски" општини, кои им претходеле на соседските општини—марки. Под влијание на масовното населување на Словените на Балканот биле создадени такви општини и во другите владенија на Византија.[88]

Создадените земјоделски општини се карактеризирале со значителни остатоци од родовско-општинските односи. За разлика од соседските општини—марки тие се одликувале со специфичен дуализам. Од една страна, била присутна во нив врховната сопственост на колективот врз основните земјишни имоти, а од друга страна, пак, земјата парцијално се корстела од одделните семејства на општината под форма на одделни стопанства. Тоа обично биле т.н. „големи семејства", „семејно-родовски општини" (задруги), во чии рамки живееле три поколенија членови (родители, синови и внуци). Карактеристично за тие општини било тоа, дека постоела широка распространетост на задружната сопственост, дека сите членови колективно ја владееле и обработувале земјата и дека заеднички ги користеле плодовите. Освен тоа во нив постоело и т.н „право на туѓа земја". Во нив обработливата земја не била отуѓена земја (алод).[89]

Во текот на VIII и IX век земјоделските општини во Охридскиот крај, како и во другите краишта на Македонија, почнале да се раслојуваат, што било резултат од развитокот на општеството. Сега колку повеќе се бришеле остатоците од родовско-општинскиот поредок, толку повеќе се губеле и земјоделските општини—задруги. Притоа тие им го отстапувале своето место на соседските (територијални) општини—марки.[90] Изворните податоци говорат, дека извесни остатоци од таквите земјоделски општини—задруги останале во Охридскиот крај дури до

---

[86] Византиски извори, I, стр., 195.

[86a] Ibid., 177.

[87] А. П. Каждан, Еще раз об аграрных отношениях в Византии. Византийский временик, XVI. Москва, 1959, стр. 110—111; Б. Панов, За етногенезата на македонскиот народ, стр. 83.

[87a] За „колибите на Словените» се спомнува и во „Чудата на Св. Димитрија Солунски» (Грьцки извори, III, стр. 160).

[88] Сп.: С. Лишев, За генезиса на феодализма в България. София, 1963, стр. 88 сл.

[89] Ibid., 79 сл.

[90] Ibid., 140 сл.; Историја на македонскиот народ, I. Скопје, 1969, стр. 109.

доцниот среден век. На пример, некои изворни податоци од XIV век овозможуваат да се дознае, дека покрај семејната индивидуална сопственос во овој период била присутна и задругарската сопственост.[9]

3.

Низ целиот VII, VIII и првата гловина на IX век Охридскиот крај слободно се развивал во рамките на „Склавинијата—Берзитија". Археолошките наоди од повеќе локалитети во Охридско, како и директните и индиректните пишани извори, говорат дека како политичкото така и културното влијание на Византија во Охридскиот крај престанало да дејствува од крајот на VI век.[92] Фактот дека византиските пари од крајот на VI век ги немало повеќе во движење во овој крај, како и фактот дека разурнатите рановизантиски цркви во Охрид и околината од паганите Словени и Авари не биле активирани сè до втората половина на IX век,[93] јасно говорат дека Византија на овој терен во сиот овој период била лишена да воспостави своја власт. Слична била положбата и со другите македонски области над кои Византија имала само фиктивна власт.[94] Но тоа не значи дека во овој временски период некои од македонските „склавинии", особено оние околу Солун, не биле повремено завладувани од византиските императори. Склавиниите што се наоѓале подалеку од Солун, во внатрешноста на Македонија, сè до бугарските завладувања во средината на IX век, егзистирале наполно независно, управувајќи се од своите племенски кнезови.[95]

Склавинијата „Берзитија" уште во втората половина на VII век била изложена, како и другите македонски „склавинии", на зачестени воени походи од страна на Византија. Тоа Византија го правела со цел да го разбие единството на Македонските Словени и така да ги спречи да го освојат Солун и да создат уште во VII век своја држава

[91] Д. Ангелов, Аграрните отношения в Северна и Средна Македония през XIV век. София, 1958, стр. 97 сл.

[92] Сп.: Ив. Снѣгаровъ, Градъ Охридъ, стр. 99; Г. Острогорски, Византија и Словени, стр. 10; Б. Панов, Дејноста на Кирил и Методија во Македонија. Зборник „Кирил Солунски», изд. на МАНУ, 1. Скопје, 1970, стр. 164 и сл.; Д. Коцо, Нови податоци за историјата на Климентовиот манастир Св. Пантелејмон во Охрид, стр. 246 сл. ; истиот, Археолошки проучувања во Охрид, стр. 260 и сл.

[93] Theophylacti Bulgaďiae Archiepiscopi, Martyrium . . . , col. 189, B—C; 200, A—B—C; сп. Д. Коцо, Археолошки проучувања во Охрид, стр. 261 сл.; Б. Алексова, Ранохристијанската базилика во Баргала. Зборник посветен на Д. Коцо. Изд. Археолошки музеј во Скопје. Скопје, 1975, ст. 30; Ив. Микулчиќ, Уште еднаш за Таурисион и Бедериана. Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, кн. 3 (29). Скопје, 1977, стр. 99.

[94] Византиски извори, I, стр. 222, бел. 9.

[95] Сп.: Ив. Дуйчевъ, Нови житейни данни за похода на имп. Никифор I въ България презъ 811 год. Списание на БАН, 26. София, 1937, стр. 150; истиот, Славяни и първобългари. Известия на Института за българска история, 1—2. София, 1951, стр. 207—208; Р. А. Наследова, Македонские славяне конца IX — начала X века по данным Йоанна Камениаты. Византийский временик, XI. Москва, 1956, стр. 86; Б. Панов, Дејноста на Кирил и Методија во Македонија, стр. 167—169.

во Македонија.[96] Таков еден поход бил преземен од страна на императорот Констанс II (641—668) во 658 година, кога тој „заробил и потчинил многу народ“.[97] Меѓутоа, од овој поход биле засегнати населените Словени околу Солун. Вестите од „Чудата на св. Димитрија Солунски“ говорат дека „заселените Словени“ околу Солун и во текот на 70-те години на VII век „навидум чуваат мир“[98]. Тоа пак значи дека и над овие Словени, кои продолжиле да се управуваат од свои кнезови, Византија немала воспоставена трајна и стабилна власт.[98a].

За да дадат отпор на зачестените воени походи на Византија, во овој период македонските словенски племиња повторно се обединиле во голем племенски сојуз, на чие чело застанал ринхинскиот „крал“ (ῥήξ) Пребонд.[99] Покрај Ринхините, Стумјаните и Сагудатите во овој племенски сојуз влегле уште „и останатите варварски племиња.“[100]

Меѓу „сојузниците Словени“ (τῶν ζευκτῶν Σκλαβίνοι)[101] секако се наоѓале и Берзитите. Целта на сојузените македонски словенски племиња и овој пат била да се отстрани византиската власт од Солун од кадешто главно Византијците дејствувале за повторно враќање на својата власт во Македонија.

Тогашниот византиски император Константин IV (668—685) откако дознал дека Пребонд со „подмолен план и со лоша намера стапил во завера против градот (Солун)“, му наредил на солунскиот префект словенскиот водач (ῥῆγα) „на секој начин врзан да му биде испратен“. И навистина кога Пребонд „престојувал во градот“, тој бил фатен и одведен во Цариград[102].

„Словенскиот народ“ (Σκλαβίνων ἔθνους) дознавајќи за заробувањето на Пребонда, побарал од солунскиот префект „заедно со избраните делегати Словени“ да испрати и тој кај императорот свои „искусни луѓе“ за да го замолат тој „да не го изгуби животот“. По сослушувањето на испратената делегација, императорот Константин IV ветил дека Пребонд ќе биде ослободен дури по завршувањето на војната со Арабите.[103]

Меѓутоа, со помошта на својот толкувач, Пребонд успеал да избега од Цариград и се засолнил на имотот на толкувачот во Тракија. Овде тој бил повторно фатен и вратен во Цариград. При сослушувањето изјавил дека по пристигањето „во своето место“ планирал „пове-

[96] Г. Баласчевъ, Найстарата славянска държава на Балканския полуостровъ презъ VII и VIII век и нейния етнически съставъ съ две карти. София, 1924, стр. 7; Fr. Grivec, Slovanska apostola Sv. Ciril in Metod. Ljubljana, 1927, str. 5.

[97] Византиски извори, I, стр. 222, бел. 9 и 10.

[98] Ibid., 198; сп. Г. Острогорски, Историја Византије. Београд, 1959, стр. 131—132, бел. 1.

[98a] Гръцки извори, III, стр. 166 и бел. 2,

[99] Гръцки извори, III, стр. 143, бел. 3, 144—146; Византиски извори, I. стр. 199, бел. 32, 200—202; сп.: Iv. Beuc, Još o problemu formiranja feudalnih država u Južnih Slavena, str. 68 и сл.

[100] Византиски извори, I, стр. 205.

[101] Византиски извори, I, стр. 205.

[102] Гръцки извори, III, стр. 143—144; Византиски извори, I, стр. 198—199.

[103] Гръцки извори, III, стр. 144; Византиски изоври, I, стр. 200—201

ќе воопшто да не води сметка за мирот, туку би ги собрал сите блиски племиња и така не би оставил ништо незасегнато од војната, ниту на море ниту на копно. . . и ниту еден христијанин (Византинец) не би го оставил жив". По откривањето на таквата негова замисла тој бил ликвидиран, се вели во „Чудата на св. Димитрија Солунски".[104].

Погодени од смртта на својот водач, Ринхините, Сагудатите и Струмјаните зеднаш извршиле опсада на градот Солун. Сега голем број солунци, погодени од гладот, им се предале на Словените. Од нив голем дел биле продадени „на народот на Словените од внатрешноста", како повеќе не би се вратиле.[105]

Во „Чудата на св. Димитрија Солунски" се вели дека на Ринхините, Сагудатите и Струмјаните за време на опсадата на Солун им притекнале на помош и Драгувитите, а и „останатите варварски племиња".[106] Меѓу „варварските" племиоња скеако се наоѓале и Берзитите, зашто во „Чудата" се вели дека тогаш единствено Велегизитите „навидум биле во мирни односи со населението на градот (Солун)".[107] Но и словенската опсада на Солун во 677 година не била успешна.[108] „Водачите на Словените" во есента, истата година, повторно со обиделе да го освојат Солун, но и тогаш не успеале.[109] Во оваа година Византија не само што успеала да го зачува Солун, туку во извесна мера успеала да смири привремно и дел од Македонските Словени. Од „Чудата на св. Димитрија Солунски" се дознава, дека освен Струмјаните и Ринхините „оттогаш останатите (Словени) делумно мирувале и го одложиле оружјето".[110] Тоа пак значи дека и Словените од склавинијата „Берзитија" тогаш привремено „мирувале".

Во 680 година императорот Константин IV презел поход против немирните Струмјани. Тие откако ги зазеле „утврдените места" ја повикале на помош „сета варварка војска од разни кнезови". Иако Византијците биле дочекани во заседи, тие извојувале „победа над Словените", убивајќи ги притоа „нивните најхрабри и најдобри хоплити (ὁπλίτας).[111]

Византиското воено ангажирање во потчинувањето на „склавинните" околу Солун кон крајот на VII век довело до тоа во значителна мера да се разбие компактноста на Македонските Словени, а што влијаело да се одолжи создавањето на македонската словенска држава.[112]

Охридскиот крај во 80-те години на VII век во извесна мера бил засегнат од оние византиски заробеници, кои на чело со Кувер успеале

---

[104] Гръцки извори, III, стр. 144—146; Византиски извори, I, стр. 201—202. и бел. 36.

[105] Гръцки извори, III, стр. 146 сл.; Византиски извори, I, стр. 202 сл.

[106] Гръцки извори, III, стр. 150—151 и сл.; Византиски извори, I, стр. 204—205.

[107] Гръцки извори, III, стр. 150; Византиски извори, I, стр. 204; сп.: М. Дриновъ, Съчинения, I, стр. 305; Ив. Снѣгаровъ, Градъ Охридъ, стр. 99 и бел. 4.

[108] Гръцки извори, III, стр. 154; Византиски извори, I, стр. 206.

[109] Гръцки извори, III, стр. 155 сл.; Византиски извори, I, стр. 207 сл.

[110] Гръцки извори, III, стр. 156 сл.; Византиски извори, I, стр. 208 сл.

[111] Гръцки извори, III, стр. 157; Византиски извори, I, стр. 210 и бел. 52а.

[112] Б. Панов, За етногенезата на македонскиот народ, стр. 81—82.

да избегат од аварските заддунавски владенија и да дојдат во т.н. Керамиско Поле, кое некои научици го идентификуваат со денешното Битолско Поле.[113]

И така, додека Византија ги оневозможила Македонските Словени да создадат своја држава, во исто време дошло до создавањето на словенско-бугарската држава на просторот меѓу Стара Планина и Дунав. Со склучениот мир во 681 година Византија и официјално ја признала оваа нова балканска држава.[114]

Кон крајот на 80-те години на VII век и императорот Јустинијан II (685—695) презел поход против „Склавиниите", напаѓајќи ја притоа и бугарската држава. Продирајќи дури до Солун, Јустинијан II успеал да потчини „голема маса Словени" од кои голем дел иселил во областа Опсикион во Мала Азија.[115]

Охридскиот крај и овој пат останал понастрана од нападите на византиската војска.

Фактот дека Византија и во текот на VIII век продолжила да презема воени походи против „македонските склавинии" убедливо говори дека таа немала воспоставено трајна и стабилна власт во поголемиот дел од територијата на Македонија. Во овој период македонските склавинии не само што не допуштиле да бидат потчинети, туку и израснале во полудржавни формации,[116] управувани од свои независни „кнезови" или „кралеви" (ἄρχοντες, ῥῆγες)[117]. Дека „склавиниите" во Македонија останале и натаму надвор од рамките на Византиската империја говорат и вестите од летописецот Теофан. Од нив се дознава дека во 758/9 година императорот Константин V (741—775) пак морал да преземе поход против „Склавиниите по Македонија". Притоа тој успеал на дел од нив да им ја наложи својата „врховна власт".[118]

Но и овој пат внатрешноста на Македонија останала незасегната од византиските напади. Дури некои од потчинетите Словени успеале да ја отстранат наложената византиска власт. Затоа во 782/3 година и логотетот Ставрикиј морал да војува „со голема војска против словенските племиња". Но и тој успеал само да продре до Солун и да навлезе во Елада, принудувајќи таму голем број Словени да ја признаат власта на Византија.[119]

---

[113] Грцки извори, III, стр. 158—160, бел. 1; Византиски извори, I, стр. 211—213, бел. 58.

[114] Г. Острогорски, Историја Византије, стр. 140—141;; М. Андреев—Д. Ангелов, История на българската държава и право. София, 1959, стр. 68; М. Войнов, Отново по въпроса за възникването на българската държава. Известия на Института за история, 9. София, 1060, стр. 269—276.

[115] Византиски извори, I, стр. 226—227.

[116] С. Лишев, За генезиса на феодализма в България, стр. 119 и сл.

[117] П. Мутафчиевъ, Рец. на книгата од F. Dvornik, La vie de Saint Grégoire le Décapolite et les Slaves Macédoniens au IXe siècle. Paris, 1926. Македонски прегледъ, г. IV, кн. 2. София, 1928, стр. 145.

[118] Византиски извори, I, стр. 230; сп. S. Antoljak, Makedonija u 9 stoleću. Зборник „Кирил Солунски, 1. Изд. на МАНУ. Скопје, 1970, стр. 40.

[119] Византиски извори, I, стр. 234 и бел. 61—64.

Во екот на зачестените воени походи на Византија против „склавиниите“ во Македонија, и бугарскиот хан Телериг (768—777) кроел планови да навлезе во Македонија и да ја нападне склавинијата „Берзитија“. Теофан соопштува дека во 773 година императорот Константин V го оневозможил Телерига да испрати „12.000 војници и бољари и ја пороби Берзитија и нејзините жители да ги пресели во Бугарија“ (ιβ' χιλιάδος λαὸν καὶ βοϊλαδος πρὸς τὸ αἰχμαλωτίσαι τὴν, βερζιτίαν καὶ μεταστῆσαι αὐτοὺς εἰς Βουλγαρίαν)[120]. Но тоа не значи дека територијата на склавинијата „Берзитија“ тогаш била вклучена во рамките на Византија. Напротив, таа и натаму продолжила да егзистира како независно „словенско кнежевство“, управувано од своите племенски кнезови.

Охридскиот крај, заедно со целата територија на склавинијата „Берзитија“ прдолжиле да бидат управувани од своите кнезови сè до средината на IX век, кога бугарскиот кнез Борис (852—889) успеал да ја наложи својата власт и во овој дел на Македонија.[121]

Branko PANOV

## OHRID AND THE OHRID REGION IN THE FIRST CENTURIES AFTER THE SLAVIC COLONISATION (VI—VIII CENTURY)

(Summary)

On the base of the authentic date we have got at our disposal (written and material) the author in his paper is trying to throw light over the political, ethnic and socio-economic changes which had become of the Ohrid region in the first centuries after the Slavic colonisation. So, he came to a constatation that up to the 30 th of the VII century, the Ohrid region has been completely inhabited by Slavs, form the tibe so called Berzhiti. This Slavic tribe took over the whole teritorry which spread out between today's towns of Bitola, Prilep, Titov Veles, Kichevo, Ohrid and Debar. According to the tribe this Macedonian „Schlavinia“ the Bysantians began to name it as „Berzhitia“ up to the middle of the IX century when the Schlavinia — Berzhitia had been conquered by the Bulgarians, she represented and independant Slavic principality, governed by tribe dukes.

Radical ethnic and socio-economic changes in the Ohrid region have been carried out with the Slavic colonisation. The Slavic ethnoss became dominant in the region of Maceodnia, too. As a result of this, the town of Lihnidos got a pure Slavic of Ohrid. Also pure Slavic or pro-Slavic names got the other neighbouring towns, village settlemets, mountains, rivers, lakes, various localities, and so on. Radical socio-economic changes. there have been carried out. The Slavs moving towards these regions together with the throwing off the Bysantian yoke have ruined the old slavholder's

[120] Гръцки извори, III, стр. 272, бел. 4; Византиски извори, I, стр. 233 и бел. 58; сп. и Ив. Снѣгаровъ, Градъ Охридъ, стр. 99.

[121] Историја на македонскиот народ, I, стр. 96.

order. Instead of the slaveholder's housholds now turned up free rural communities, so called „Agricultural Communities" — Cooperatives, which in fact preceded to the neighbouring (territorial) communities. The money was not used within the frameworks of these communities, because her membres met their needs by themselves. Up to te IX century when the feudal relations in the Ohrid region have been established, same as in the other regions of Macedonia as here, remained dominantly the clan-community order.